РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-3872/1
од 04.11 2022год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20) и чл.50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

## ОДЛУКА
## За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 7, БЛОК 7.4, БЛОК ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 7.4.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП

### член 1

Се организира повторна јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 7, БЛОК 7.4, БЛОК ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 7.4.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Опфатот се наоѓа во централниот дел од градежниот реон во Прилеп и истиот се граничи со југозапад и запад со осовина на ул. „Ордан Чопела" и ул. „Ристе Ристески Ричко", од северозапад со речното корито на река „Ореовечка", од североисток со ул. „Борка Талески", а од југоисток со ул. „Александар Македонски". Во рамките на четврт 4, блок 7.4, поточно 7.4.1 го зафаќа југоисточниот дел. Опфатот е со просечна надморска висина од ~ 650 м, со благ пад кон југозапад и запад од околу 1% што е поволно за решавање на комунална инфраструктура. Поточно највисоката висинска кота е на североисточната страна на самата раскрсница со 652,86 м, на спојот на ул. „Борка Талески" со ул. „Александар Македонски", додека најниската е на 650,36 м, која е на прекршувањето на ул. „Ристе Ристески Ричко" која продолжува северозападно кон спојот со ул. „Кеј 9-ти Септември", односно коритото на река „Ореовечка". Опфатот е со трапезна испрекршена форма, такашто од северозападната страна опфатот по должина на коритото од река „Ореовечка" е со должина од 148,32 м, од североисточна страна по ул. „Борка Талески" е со должина од 194,58 м, од југоисточна страна по ул. „Александар Македонски" е со должина од 107,05 м, додека од југозападна и од западна страна по ул. „Ордан Чопела" и по ул. „Ристе Ристески Ричко" е со должина од 290,14 м. Вака дефинираниот опфат има површина од 31847,60 м2, односно 3,184 ха, кој е потврден и со податокот од Изводот од РП.

### член2

Повторната јавна анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 7, БЛОК 7.4, БЛОК ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 7.4.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Конечниот Предлог План во просториите на Општина Прилеп.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 10.11.2022 година до 23.11.2022 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 18.11.2022 година, петок, во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**член 3**

За организирањето на **јавната презентација и јавната анкета** по Предлог ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 7, БЛОК 7.4, БЛОК ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 7.4.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп